Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
Бр.-Nr. 35 - 983/4
03.02 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

*Анекс 13 од Оперативниот водич*

Архивски знак ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,

ФОРМАТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАШТИТАТА
ОД СТРАНА НА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

**(согласно Параграф 169 од Оперативниот водич)**

**СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО – ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН** - (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77)**

**Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77),**

**Име на доброто**: Природно и културно наследство на Охридскиот регион (Албанија/Република Северна Македонија) (C/N 99)

**Датум на впишување**: 1979
**Проширување**: 1980, 2019
**Година на незначителна промена на границите**: 2009
**Критериуми:** (i) (iii) (iv) (vii)

1. <u>Кратко резиме на извештајот</u>

Република Северна Македонија и Република Албанија остануваат цврсто посветена на зачувување на статусот на Светско наследство за Природното и културно наследство во Охридскиот регион. Овој Извештај за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77), претставува ажуриран заеднички извештај на државите-членки Република Северна Македонија и Република Албанија за состојбата со заштитата на доброто, со информации за постигнатиот напредок во спроведувањето на Препораките од Реактивните мониторинг мисии и зајакнување на билатералната соработка со Република Албанија во насока на заедничко управување со Доброто во текот на 2022 година.

Република Северна Македонија

2. **Одговор на Одлуката на Комитетот за светско наследство:**

**Одлука: 44 COM 7B.77**

**Комитетот за светско наследство,**

1. **По разгледувањето на Документот WHC/21/44.COM/7B.Add,**

2. **Потсетувајќи на Одлуките 43 COM 7B.36 и 43 COM 8B.9, усвоени на неговата 43-та седница (Баку, 2019),**

3. **Ги поздравува напорите од двете Државни-членки да започнат да ги решаваат препораките на Комитетот и конкретно ги истакнува подобрувањата во правните процеси и структурите за управување, привремениот прекин на градежните дозволи во Северна Македонија и уривањето на некои дивоградби во Северна Македонија и во Албанија, како и создавањето на Прекуграничен Комитет за управување со сливот и заложбата за започнување на прекуграничен дијалог за проектот за делницата од Струга до Лин од железницата од Европскиот коридор VIII;**

Во насока на зајакнување на прекуграничната соработка, на 27 Април 2022 година во Поградец, Албанија, се одржа заеднички работен состанок на политичко ниво помеѓу двете држави-членки, со цел спроведување на Договорот со Албанија за управување со Охридското Езеро, со кој е планирано ревитализација на Билатералниот Комитет за заштита на Охридското езеро, како тело за управување. Целта на овој состанок беше и постигнување на договор од страна на двете држави-членки за формализирање на членството на Заедничкиот комитет за управување со Охридскиот регион, што е дел од заедничката декларација на Националните комисии за УНЕСКО потпишана во јули 2021 година и со која министрите за животна средина и култура на Република Северна Македонија и Република Албанија се обврзуваат да го надградат членството на билатералниот управувачки Комитет

(министри+градоначалници). Се одлучи ко-претседавачи на Билатералниот Комитет на бидат министрите за животна средина на Република Северна Македонија и Република Албанија (**Препорака 3.а од РММ 2020**).

***

Европската Комисија во декември 2022 година донесе Одлука целиот железнички Коридор VIII, вклучувајќи ја и делницата Кичево - Лин да биде дел од клучната мрежа (Core Network) со што оваа делница исполнува предуслови да биде финансирана од европски грантови. Во меѓувреме EIB (Европска Инвестициона Банка) и EBRD (Европска Банка за обнова и развој) изразија интерес за финансирање на изградбата на оваа делница <u>со напомена дека за делницата Струга - граница со Република Албанија ќе се изработи нова Студија на изводливост и алтернативна траса со цел да се испочитуваат препораките што Реактивните мониторинг мисии на УНЕСКО</u> ги имаат дадено за Република Северна Македонија и Република Албанија. Почетокот на изработка на ваква студија тентетивно се очекува да биде во текот на 2024 година за што предуслов е успешно добиен грант за техничка помош кој би се случил до крајот на 2023 година (**Препорака 1 од РММ 2017; Препорака 1.ф од РММ 2020**).

***

За делницата од државниот пат **А2, Требеништа – Струга – ГП Ќафасан**, Ве известуваме дека согласно Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за спроведување на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор VIII („Службен весник на РСМ“, бр. 163/21), проектирањето и градбата е доделена на Стратешкиот партнер Bechtel и Enka JV. Јавното Претпријатие за државни патишта согласно овој Закон со Стратешкиот партнер ги сподели досегашните проекти, како и Одлуките на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, со цел идниот проект да биде усогласен со Одлуките, односно почитување на препораката од Акцискиот план од Планот за управување – *„Планирање на трасата на автопатот А2 и на мерките за ублажување на влијанијата врз животната средина и културното наследство, во синергија со изборот на трасата на железничката пруга „Кичево – Лин“* (**Препорака бр. 2 и 3 од РММ 2017**).

ЈП за државни патишта и понатаму ќе продолжи да соработува со државните институции и УНЕСКО во врска со проектирањето и изградбата на сите државни патишта во границите на подрачјето и нашите служби се достапни за учество во сите идни активности со цел заеднички пристап за утврдување на евентуалните можности за креирање единствен коридор за планираната транспортна инфраструктура во рамките на подрачјето (особено во Струшко поле).

За делницата од државниот пат во градаба **А2, Кичево – Охрид,** за подделниците кои навлегуваат во границите на УНЕСКО, Ве известуваме дека за сите дополнителни проектирања и градби во функција на автопатот (дополнителни пристапни патишта, дополнителни клучки, одлагалишта или позајмишта), Јавното Претпријатие за државни патишта во процесот на одобрување на Проектите за инфраструктура редовно ја известува и бара мислења од Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и притоа постапува по мислењата на Комисијата. Со тоа, во континуитет се исполнува препораката од Акцискиот план на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион - *„Вклучување на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион во сите фази на планирање на инфраструктурни проекти“* (**Препорака бр. 3 од РММ 2017**).

Во таа смисла, Комисијата даде позитивно мислење бр. 68-6025/2 од 03.06.2022 година за следните проекти:

- Проект за инфраструктура и Основен проект за **паралелен пристапен пат Требеништа – Охрид со приклучок на постоечки објекти** (за потребите на изградба на патен коридор 8 Деве Баир – Ќафасан на патна делница Требеништа – Подмоље – Охрид, на стационажа од км 0+000 до км 10+263,28);
- Проект за инфраструктура и Основен проект за **паралелен пристапен пат Мешеишта – Требеништа со приклучок на постоечки објекти** (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа, км 0+000 - км 12+698.72), од км 8+000 до км 12+698, КО Мешеишта, КО Требеништа и КО Волино, општина Дебарца);

- Проект за инфраструктура и Основен проект за Измена и дополна на Проект за инфраструктура и Основен проект **за патен коридор 8 автопат Деве Баир – Ќафасан, делница Песочани - Требеништа, km 0+000 - km 12+698,72 за изградба на денивелиран патен јазол "Требеништа", со врска за државен пат А3**, општина Дебарца;
- Проект за инфраструктура и Основен проект **за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун со приклучок на постоечки објекти** (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Ќафасан, патна делница Песочани - Требеништа км 0+000,00 - км 12+698,72, КО Ново Село, КО Ботун, општина Дебрца); и
- Проект за инфраструктура и Основен проект за Измена и дополна на Проект за инфраструктура и Основен проект за **патен коридор 8 - Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требениште–Подмоље–Охрид, на стационажа од км 0+000,00 – км 10+263,26 на патен премин на км 7+356 со рекомпонирање на елементите во патен јазол „Св. Еразмо“**, КО Оровник, КО Долно Лакочереј - вгр, општина Охрид.

4. **<u>Смета</u> дека иако беа решени одредени препораки од одлуките и мисиите во изминатите шест години, неколку беа само делумно или недоволно спроведени, а голем број од нив воопшто не беа опфатени;**

5. **<u>Изразува исклучителна загриженост</u> за наодите од заедничката Реактивна мониторинг мисија од 2020 година на Центарот за светско наследство/Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ICOMOS)/Меѓународниот сојуз за заштита на природата (IUCN) дека:**
   a) **Во врска со Северна Македонија, нема доволно активности за запирање на бавната ерозија на атрибутите од Исклучителната Универзална Вредност (OUV) во урбаната средина и поширокиот предел што произлегуваат од несоодветна заштита, реконструкција и развој, или за повторно разгледување на алтернативни решенија за големите проекти во врска со развојот на железницата и патиштата,**
   b) **Во врска со Албанија, акутните ранливости што беа забележани во времето на проширување на доброто не се намалени и се планираат нови проекти и нов развој што би можело да биде многу штетно за веќе компромитираниот брег на езерото и полуостровот Лин;**

6. **<u>Ги истакнува со сериозна загриженост</u> заклучоците од мисијата од 2020 година, според кои високите објекти близу езерото, лошиот архитектонски квалитет на изградената средина (особено во главните градови Охрид, Струга и Поградец (контактна зона), но исто така долж крајбрежјето надвор од урбаните центри), како и несоодветната и прекумерна употреба на крајбрежната зона за туристичка инфраструктура, имаа многу негативно влијание врз Исклучителната Универзална Вредност (OUV) на доброто;**

Согледувајќи ја ранливоста на крајбрежниот појас на Охридското Езеро со прекумерната урбанизација, согласно со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година на Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за планирање на просторот започна со изработка на ***Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот регион.***[1] Во текот на 2022 година, врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија (бр. 40-12177/1 од 28.12.2021 год.) Агенцијата за катастар на недвижности изработи ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот регион и истата е доставена до Агенцијата за планирање на просторот за понатамошно постапување за потребите за изработка на Урбанистичкиот план за крајбрежјето (бр.0814-8096/1 од 26.05.2022 год.). Тим на ОН, особено УНЕСКО, УНЕП и УНДП, ја потврдија подготвеноста да помогнат во изработката на Физибилити студијата за урбанистичкиот план на крајбрежната зона на Охридското Езеро. Во таа насока одреден е тим од меѓународни и домашни експерти за изработка на Физибилити студијата чија основна задача ќе биде да ја подготви Физибилити студијата, темелена на нивното независно експертско

[1] Дел од спроведените активности од подготвителната фаза за изработка на урбанистичкиот план се посочени во **Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77),** (бр. 35-484/6 од 17.02.2022 год., доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО).

мислење. Согласно договорот се очекува стручниот тим да работи на изработка на Физибилити студијата во периодот 01.01.–31.07.2023 година[2] **(Препорака 7 од РММ 2017).**

***

Имајќи ја предвид прекумерната неконтролирана урбанизација на крајбрежјето на Охридското Езеро, како и отпочнатата постапка за изработка на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас во Охридскиот регион, Општина Охрид до усвојување на Планот за крајбрежјето не донесува урбанистичка документација за плажи и не издава одобренија за урбана опрема на плажи.

***

Дополнително, Советот на општина Охрид на 22.12.2022 година донесе *„Одлука за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации и донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти, како и за начинот на водење на постапките за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти“* (бр. 08-17370/61 од 22.12.2022 год., *Службен Гласник бр. 14 од 23.12.2022 год.*). Согласно постојната законска регулатива во Република Северна Македонија Советот на општина Охрид ги донесува овие Одлуки од 2019 година (нотирано во Извештаите за напредокот доставени од државата-членка Република Северна Македонија до Центарот за светско наследство на УНЕСКО, бр. 35-584/6 од 31.01.2019 год., 35-584/6 од 31.01.2020 год., 35-1663/14 од 25.02.2021 год. и 35-484/6 од 17.02.2022 год.) (**Препорака 6 од РММ 2017; Препорака 1.г од РММ 2020**).

**Прилог 1**: *Превод на Одлуката на општина Охрид*

***

[2] Тимот ќе биде предводен од меѓународен експерт, г-ѓа Џејн Томпсон, поддржана од мрежата „Insteadheritage“ (insteadheritage.com), вклучувајќи и експерт за мапирање на ГИС, како и национален експертски тим составен од: експерт за природа и биодиверзитет – д-р Златко Лефков и д-р Славчо Христовски, социо-економски експерт - г-дин Данчо Узунов и експерт за урбанистичко планирање.

Врз основа на Годишната програма за работа во Програмата за уредување на градежно земјиште, Секторот за комунални дејности на општина Охрид презеде конкретни активности со распишување јавен оглас за ангажирање на фирма за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид. Донесена е Одлука за избор на економскиот оператор за оваа намена и градежните активности за отстранување на бесправно изградените објекти се планира во наредниот период да се одвиваат во тесна корелација со надлежните општински и државни институции, со однапред утврдени план и динамика (**Препорака 9 од РММ 2017; Препорака 2.ц од РММ 2020**).

***

Деталните урбанистички планови за 19 урбани комплекси се дел од Развојна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2022-2024 финансирани од Општина Охрид (бр. 08-13561/5 од 29.12.2021 год. Во Нацрт – Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на Општина Охрид за 2023 год. (бр. 08-16213/59 од 28.11.2022 год.) 19 комплекси се предвидени во точка ДУП – урбани комплекси финансирани од Влада (**Препорака 7.ф РММ 2020**).

***

Во однос на целосна ревалоризација на културното наследство во Охридскиот регион, односно изработка на ***Елаборат за ревалоризација на културното наследство на Охридскиот регион*** активностите се во завршна фаза (имајќи ја предвид големината на територијата и бројната концентрација на културни добра и археолошки локалитети), и истиот се очекува да биде финализиран до средината на 2023 година. Напоредно се подготвува и *Елаборат за ревалоризација на културното наследство во состав на споменичката целина Старо градско јадро на Охрид* кои ќе бидат усогласени со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион. За потребите за изработката на наведените елаборати набавени се катастарски подлоги во електронска форма од Агенцијата за катастар на РС Македонија кои се неопходни за изработка на графичките прилози кои се составен дел од Елаборатот (**Препорака 5.е од РММ 2020**).

Како составен дел на подготовка на Елаборатот за ревалоризација на културното наследство на Охридскиот регион е и дефинирање на контактната зона која ќе биде финализирана со стручни тимови формирани од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура и истата ќе ги следи дадените предлози во Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион. (**Препорака 10 од РММ 2017**).

Валоризацијата и ревалоризацијата на поединечните културни добра се спроведуваат согласно Годишна програма на НУ Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид и до сега се изработени 80 % од Елеборатите за валоризација и ревалоризација на објектите кои се и треба да бидат заштитени во границите на Охридскиот регион. Изработката на Заштитно конзерваторски основи во процесот на просторно и урбанистичко планирањеа е со строго почитување одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), со строга забрана за окрупнување на повеќе катастарски парцели во една со цел добивање на поголеми габарити за градба.

При издавањето на Одобренија за градби, се спроведуваат мерките за поголема контрола при спроведување на урбанистички планови, односно до донесувањето на новите детални-урбанистички планови за Охридскиот регион кои ќе бидат усогласени со Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се издаваат заштитно-конзерваторски услови кои содржат дозволени и забранети активности во заштитениот регион.

Реализацијата на градежни и нфраструктурни активности е редовно контролирана со археолошки истражувања, односно археолошки надзор од страна на стручни лица од НУ Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид согласно важечката законска регулатива за заштита на културното наследство (**Препораката 19 од РММ 2017**).

***

Со цел подобрување на состојбата со инфраструктурата во Старото градско јадро на Охрид, Општина Охрид преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици во 2022 година презеде низа конкретни мерки за целосно поплочување и реконтрукција на улици и патеки во Старото градско јадро на Охрид коишто водат до значајни археолошки и културно-историски локалитети.

Притоа, се задржуваат автентичните камени плочи за овој дел на градот а како замена за оштетените плочи се користат елементи карактеристични за стариот дел од градот согласно препораките на надлежните институции за заштита. Исто така изградена е и нова пристапна пешачко рекреативна патека непосредно пред влезот на Горна Порта (влез во Старото градско јадро) со што се зголемува безбедноста на граѓаните и туристите.

7. **<u>Го истакнува</u> тековниот процес за прогласување на Охридското Езеро за Споменик на природата во Северна Македонија, вклучително и развој на Студија за валоризација, како и прелиминарната одлука за прогласување на Студенчишкото блато за парк на природата и <u>бара</u> од Државата-членка Северна Македонија да осигури дека овие процеси се целосно интегрирани со другите релевантни процеси на управување и планирање и се насочени кон зајакнување на целокупното управување со доброто, вклучително и преку воспоставување на функционални управувачки структури;**

Во согласност со Законот за заштита на природата во 2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) изготви ***Предлог Закон за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природата***, кој е во собраниска процедура за негово донесување. Во Предлогот се дефинирани три зони на заштита: зона за строга заштита, зона за активно управување и зона за одржливо користење. Со Предлог Законот е предвидено, Планот за управување со Заштитеното подрачје Студенчишко блато да биде изработен во рок од една година од донесување на Законот за прогласување на

Студенчишко блато за заштитено подрачје, и го донесува субјектот кој ќе го има управувачкото право со заштитеното подрачје. Врз основа на Законот за заштита на природата од 19.06.2021 год. во сила е *Решение за привремена заштита на Студенчишко Блато* кое е со васжност се до усвојувањето на Закон за прогласување на Студенчишко Блато за парк на природата, што значи запирање на спроведување на Урбанистичкиот план за УБ 17.1 согласно ГУП на Охрид кој го опфаќа Студенчишкото Блато (**Препорака 2.и од РММ 2020**.

***

МЖСПП тековно води постапки и за прогласување на *Охридско Езеро за заштитено подрачје од категорија III - Споменик на природа* и прогласување на *Белчишко Блато за заштитено подрачје од категорија IV - Парк на природа*.

Република Северна Македонија го извести Центарот за светско наследство на УНЕСКО за текот на процесите на изготвување на **Студијата за ре-валоризација на Охридското Езеро**[3] и **Нацрт Планот за управување со Охридското Езеро** за периодот 2022-2031 година изготвени во соработка на МЖСПП со UNEP и IUCN (ECARO) Канцеларија за Источна Европа и Централна Азија, како и за **Одлуката за прогласување на Студенчишкото блато за парк на природата.**[4] Во „*Студијата за валоризација на Студенчишко блато*", како и во *Предлог законот за прогласување на Студенчишко блато за Парк на природата*, се предлага управувачкото право со заштитеното подрачје да го има Општина Охрид.

За впишувањето на Охридското Езеро и Студенчишкото блато на Рамсарската листа, Република Северна Македонија го извести Центарот за светско наследство како дополнителна информација кон Извештајот за напредокот од 2021 година (бр. 35-3917/5 од 01.06.2021 год.) **(Препорака 5.а од РММ 2020).**

---

[3] Во септември 2021 година *Студијата за валоризација на Охридското Езеро* беше одобрена и изгласана од страна на Советот на општина Охрид.

[4] **Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77),** (бр. 35-484/6 од 17.02.2022 год.).

Прилог 2: ***Нацрт Планот за управување со Охридското Езеро*** **за** *периодот 2022-2031 година.*

***

Со донесувањето на *Одлуката за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови...,*[5] Урбанистичките планови, урбанистичките плански и проектни документации кои се донесени пред стапување во сила на Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029), ќе се применуваат и спроведуваат согласно Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029). Со ова, идејата за изградба на марина во близина на Студенчишко Блато е напуштена а се со цел почитување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски План („Сл. весник на РСМ" бр. 45/20), во кој е дефинирано дека како „*силна закана за вредностите на езерото се наведуваат плановите на општина Охрид за изградба на марина на просторот на Студенчишкото Блато*".Агенција за планирање на просторот е во постапка на изработување е *Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитената зона на крајбрежен појас на Охридскиот регион*, за кој ќе се изработува и *Физибилити студија* во која треба да се разгледа можноста и да се предвиди марина на Охридското крајбрежје, која нема да биде закана за исклучителната универзална вредност на природното и кутурното наследство на Охридскиот регион (**Препорака 1.а РММ 2020**).

**8. <u>Забележува со загриженост</u> дека и покрај неодамнешните иницијативи, се чини дека управувачкиот систем сè уште нема целосен мандат за одржување на Исклучителната Универзална Вредност (OUV) поради спротивставените приоритети, слабата имплементација на**

[5] „*Одлука за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации и донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти, како и за начинот на водење на постапките за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти*" (бр. 08-17370/61 од 22.12.2022 год., *Службен Гласник бр. 14 од 23.12.2022 год.*), дадена во Прилог 1.

**правната рамка и малата вклученост на граѓанското општество, што се заедно го фрагментира управувачкиот систем;**

Во текот на 2022 година новиот состав на Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион, доследно и со несмален интензитет ги остваруваше своите надлежности во следењето и спроведувањето на имплементацијата на Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион како и следење на состојбите со природното и културното наследство во регионот. Врз основа на Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. весник на РМ“ бр. 75/10), општините се должни урбанистичките планови пред отпочнување на постапка за јавна анкета и јавна презентација се доставуваат на мислење до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Во тековната 2022 година, Комисијата одржа 14 седници на кои разгледа 105 предмети од доменот на своите надлежности (нацрт урбанистички планови и документација кои треба да бидат усогласени со Планот за управување, состојба со природното и културното наследство на Охридскиот регион, пријави од граѓански здруженија за активности во регионот и сл.). Капацитетот на Комисијата за управување е зајакнат со Стручен тим составен од истакнати експерти, формиран од Министерството за култура (**Препорака 3.д од РММ 2020**). Подобрување во следењето на состојбите со природното и културното наследство во Охридскиот регион е постигнато со редовно присуство на седниците на Комисијата за управување на претставници на граѓански здруженија кои даваат значаен придонес во детектирање и изнаоѓање решенија за справување со активностите кои негативно влијаат на Исклучителната универзална вредност на регионот **(Препорака 11 од РММ 2017, Препорака 8.а од РММ 2020).**

9. <u>Исто така смета</u> **дека за запирање и враќање на деградацијата со која се соочува доброто во моментот, која го одразува кумулативното влијание на несоодветните промени и недостатокот на заштита во текот на многу**

**години, ќе бидат потребни значителни здружени напори во текот на подолг временски период, и дека, иако непосредните активности за запирање на одредени активности се поздравени, тие се недоволни и може да се сметаат само за почеток на многу подолг интегриран и стратегиски процес, што останува да се дефинира;**

Проектот за реставрација и пренасочување на речното корито на реката Сатеска е еден од комплексните проекти и е една од клучните активности за зголемување на отпорноста на регионот кон климатски индуцираните ризици од поплави. Со реставрација и пренасочување на коритото на реката Сатеска во нејзиниот природен тек значи конечно решавање на еколошкиот проблем од влијанието на сегашното корито и влив на реката Сатеска во Охридското




Езеро што е нотирано како клучен проблем во заштита и зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот регион. Фазните проекти се започнати во текот на 2021 година и продолжуваат со реализација и интензивно се одвива спроведувањето на активностите и досега е спроведено комплетно чистење на речното корито на предвидената делница од нискостеблена вегетација и спроведени градежни активности за регулација на коритото. Истотака е комплетно завршена изведбата на таложникот и се очекува во наредниот период од следните месеци согласно динамиката на

активностите да се изврши целосна рехабилитација на разделната градба и замена и комплетна автоматска надградба на постоечките таблести затварачи.[6]

Во месец август 2022 година МЖСПП ја издаде водостопанска согласност за реставрација и пренасочување на коритото на реката Сатеска во нејзиниот природен тек. Реставрацијата на коритото на реката Сатеска и пренасочување во нејзиниот природен тек се имплементира преку Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Дебарца, како дел од регионалниот проект за интегрирано-климатски отпорно управување со ризиците од поплави во Дримскиот слив, финансиран од страна на Фондот за адаптации. Предвидено е комплетирање на активностите кон крајот на март 2023 година.

Активностите на АД ЕСМ за идниот период се во целосна согласност со овај проект и створаат услови за полесна реализација на Проектот за насочување на реката Сатеска во реката Црн Дрим. АД ЕСМ Скопје во текот на 2021-2022 година изврши чистењето на наносот во зоната на истекот на реката Црн Дрим од Охридското Езеро и во коритото на реката Црн Дрим во градскиот дел на Струга (цца 1 км), чистење на наносот на дел од коритото во вонградското подрачје, а во фаза на изработка е Проект за целосно чистење на наносот од коритото на реката Цен Дрим до акумулација Глобочица (цца 9 км) кој треба се спроведе во идниот период (**Препорака број 15 од РММ 2017; Препорака 7.е од РММ 2020).**

***

Од страна на АД ЕСМ Скопје, подружница ХЕС Црн Дрим Струга превземени се низа на мерки за стабилизирање на нивото на водата на Охридското Езеро и редовно следење и контрола на испуштањето на

[6] Податоци за започнување на активностите се посочени во **Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77),** (бр. 35-484/6 од 17.02.2022 год. доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО).

езерските води во реката Црн Дрим. Мерењето на нивото на Охридското Езеро и испуштањето на вода од Охридското Езеро во реката Црн Дрим е востановена пракса и вакви мерења се вршат секојдневно во минатиот период. Имено, мерењето на нивото на котата на Охридското Езеро се врши континуирано два пати дневно на одредено мерно место на брегот на Охридското Езеро. За подобрување на следењето на нивото на Охридското Езеро, АД ЕСМ Скопје текот на 2021 година постави автоматска хидрометролошка станица за мерење на нивото на Охридското Езеро, а заради транспарентност, резултатите од оваа станица се прикажуваат на дисплеји поставени на јавно место на локација во градот Струга.

Паралелно на мерењето на нивото на Охридското Езеро од страна на АД ЕСМ, исти такви мерења но на различно мерно место врши и Управата за Хидрометереолошки работи - Скопје.

Регулација на испуштањето на вода од Охридското Езеро го врши АД ЕСМ, Подружница ХЕС Црн Дрим од Струга спрема услови дадени во водостопанската дозвола за користење на водата за производство на електрична енергија издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија на 25.09.2017 година со број Бр.УП1-1/-21/16. Согласно со оваа водостопанска дозвола, котите на Охридското Езеро треба да се движат во границите од 693.10 до 693.75 мнм, а во исклучителни случаи (при појава на 100 годишни води) до 694.00 мнм. Средниот проток во досегашнито период од пуштањето на ХЕЦ Глобочица до сега изнесува 18.35 м3/с. Максималниот проток во досегашниот период изнесува cca 80 м3/с.

Регулацијата на испуштањето на водите од Охридското Езеро за потребите на производство на електрична енергија се врши со следење на природните осцилации на Охридското Езеро со зголемување и намалување на отворот на привремениот дрвен регулационен објект со поставување или вадење на талпи. При појава на невообичаени големи води регулацијата на испуштањето на водите од Охридското Езеро се врши во координација со

Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија.

Во текот на 2022 година нивото на котата на Охридското Езеро се движи во рамките на дозволените граници во водостопанската дозвола од ниво 693.15 до 693.68 мнм **(Препорака 5.ф од РММ 2020)**.

***

Со цел контрола на порибувањето односно внесување на алохтони видови во Охридското Езеро, односно контрола на порибувањето, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја отпочна постапката за објавување на нова риболовна основа за риболовната вода Охридско Езеро за наредниот шестгодишен период (сегашната риболовна основа е со важност за период 2017-2022 година). Риболовната основа согласно Законот за рибарство и аквакултура е изработена од овластена институција, и претставува стручна студија за начинот на користење на рибите, и во неа се уредени меѓу другото и заштитата на биолошката разновидност и начинот на порибување на риболовната вода (**Препораката 12 од РММ 2017**).

***

Во однос на нужната потреба од затворање на депонијата Буково (**Препораката 16 од РММ 2017; Препорака 2.6 од РММ 2020**), Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка Министерството за финансии од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) обезбеди финансирање на Проектот за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки регион, со заем во висина од 55 милиони евра. Со обезбедување на овие средства МЖСПП ќе го воспостави системот во Југозападниот регион и во склоп на активностите ќе бидат затворни сите нестандрадни депонии во регионот (вклучувајќи и Буково, Мауцхер, Струга итн.) (**Препорака 2.6 од РММ 2020**).[7]

[7] Изразувањето интерес за финансирање на Проектот за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во Југоисточен, Вардарски, Пелагониски, Југозападен и Полошки регион беше нотиран во **Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и**

***

Санирањето на колекторскиот систем и негово целосно функционирање продолжува континуирано и во текот на 2022 година (**Препораката 13 од РММ 2017; Препорака 7.а од РММ 2020**). Активностите за утврдување на приоритети за санација на дотраениот колекторски систем за заштита на Охридското Езеро започнати во декември 2019 година со средства обезбедени од страна на Владата на РСМ (4,2 милиони ЕУР), кога во целост беа завршени позициите кои и беа предвидени, а произлегуваа од утврдените приоритети. Беше извршено снимање, чистење со висок притисок и отстранување на талог на четири позиции со вкупна должина од 3 км кои беа најкритични места во тој период и од каде имаше излевање на фекалии од системот и директно влегување во водите од езерото. После тоа на истите тие позиции беше вовлечена цевка во цевка со најнова CIPP метода без ископување. Се репарираа 20 комплети на полжни пумпи на препумпните станици со што истите во моментов се со максимален капацитет на искористување. Се изврши чистење на секундарната мрежа во Општините Охрид 8 км и Струга 6 км со што се овозможи нормален проток на секундарната мрежа. Исто така, се обработени и обложени со водонепропустливи материјали 7 шахти кои се наоѓаат директно во водите на езерото на локација Лагадин од кои се излеваше фекална вода во водите на езерото, како и:

- комплетно снимање на цевководот со што целосно се утврдени позициите кои се за продолжување на санацијата и ревитализација на системот,

- високопритисочно чистење на цевковод на критични места одредени со претходно направени снимки,

- набавени и монтирани нови потопни пумпи со сопствени секачи на препумпните станици во Елешец, Метропол и Калишта,

---

**културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (44 COM 7B.77),** (бр. 35-484/6 од 17.02.2022 год. доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО).

- тековно санирање и ревитализација на пречистителната станица во Ложани која во моментов работи со 90% од својот капацитет,

- секојдневни анализи пред испуштање на пречистената вода во реципиентот Црн Дрим кои ги задоволуваат законските нормативи за испуст во реципиент.

Во тек е поставување на фреквентна регулација на препумпните станици Охрид 1, Охрид 2, Даљан, Подмоље и Струга 3 со што ќе се овозможи целосно автоматизирање на работата на препумпните станици.

Во текот на 2021 година преку заедничка апликација со ИДОМ - консултантско-проектантска фирма од Шпанија добиени се грантовски средства од Амбасадата на Шпанија за изработка на проекти за целосно покривање на македонската страна од Охридското Езеро, односно изработка на проекти за мини пречистителни станици во Љубаништа, Трпејца и Радожда, како и ревизија на постоечкиот проект за ревитализација и проширување на пречистителната станица во Ложани.

За финансирање на активности во 2023 година за рехабилитација и санација на колекторскиот систем за заштита на Охридското езеро, за ЈП Колекторски систем – Охрид, Владата на Република Северна Македонија во буџетот за 2023 година има планирано средства во висина од 40.400.000,00 денари (653.000 евра).

***

Јавната Научна Установа (ЈНУ) Хидробиолошки завод Охрид, активно е вклучена во агендата на УНЕСКО во насока на зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот Регион. ЈНУ Хидробиолошки завод, како и до сега, успешно ги реализира сезонските мониторинг кампањи со цел увид во состојбата со природното наследство во Охридско Езеро и неговите крајбрежни води. Резултатите од мониторинг активностите во Езерото беа фокусирани на литоралниот, воедно и најранливиот дел на Езерскиот екосистем (согласно финансиските можности). Според резултатите, квалитетот на водата во литоралот на Езерото и понатаму, во

таканаречените "жешки точки" кои кореспондираат со вливовите на притоките и поголемите населени места, е за една класа понизок во однос на пелагијалот, како врз основа на вредностите од физичко хемиските параметри така и состојбата на биолошките компоненти (микробиолошки, фитопланктон, зоопланктон, макрозообентос, макрофитска вегетација). Заради тоа, ЈНУ Хидробиолошки завод и понатаму апелира за важноста од востановување на редовен и долготраен мониторинг со истовремено преземање на конкретни активности за ублажување или целосно отклонување на факторите кои ја условуваат ваквата состојба на литоралот, а кои се дел и од препораките на Реативната мисија на УНЕСКО.

Во насока на овие активности, во текот на 2022 година беше реализиран и проект со наслов: „*Проценка на квалитетот на водата од реката Црн Дрим, пред да бидат превземени активности за пренасочување на реката Сатеска во старото корито*" целосно финансиран од Министерство за животна средина и просторно планирање. Целта на проектот беше, врз база на испитуваните физичко-хемиски и биолошки параметри, да се одреди квалитетот на водата на реката Црн Дрим како дел од сливното подрачје на Охридското Езеро. Добиените резултати дадоа придонес во регистрирање на потенцијалните загадувачи и степенот на антропогено влијание, од што произлегоа и предлог мерки и активности за отстранување, ублажување, или барем минимизирање на негативните ефекти во функција на заштита на биодиверзитетот и одржлив развој на акватичниот екосистем.

ЈНУ Хидробиолошки завод, Охрид е еден од 13 меѓународни партнери од земјите на ЕУ и Западен Балкан вклучена во проектот „*Зајакнување на образовниот капацитет за справување со ризикот од ненативните акватични видови во Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора)/РискМен*)" финансиран од Европската Унија преку програмата ERASMUS+CBHE 2020 година, чија главна цел е во рамките на високото образование да се зајакнат познавањата и капацитетите за проценка на ризикот од внесувањето на алохтони видови и да се стимулира истражување и соработка за управување со неавтохтоните видови во регионот на Западен Балкан.

Како најважен моментум во тековните активности на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид, а во контекст на зачувување на биодиверзитетот на Езерото секако е оној кој е поврзан со вештачкиот мрест на Охридската пастрмка. Имено, после период од 3 години, ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид повторно, во периодот јануари-февруари 2023 година со целосна финансиска поддршка од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе продолжи да го врши вештачкиот мрест, а со тоа, како и до сега, ќе продолжи со напорите за зачувување и подобрување на рибниот фонд на Охридската пастрмка.

ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид е вклучен и во дел од истражувачките активности предвидени со проектот „*Екосистемски услуги и биодиверзитетот на Свети Наум*". Изворите со нивната непосредна околина се издвојуваат по своето големо социо-економско, духовно, културно и научно значење и се едни од најважните туристички дестинации во Република Северна Македонија и пошироко. Тие се од суштинско значење за водениот биланс на Охридското Езеро и се познати како жариште на ендемизам, заради што се наметнува потребата од изработка на интегрална студија за нивниот биодиверзитет и екосистемските услуги. Со проектните активности ќе се добијат нови и релевантни податоци кои ќе ја рефлектираат моменталната состојба на биолошката разновидност и екосистемската услуга како основа за воспоставување на долгорочно управување и мониторинг спроведено од проектните партнери (**Препорака 17 од РММ 2017**).

***

Заради објективни околности ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид не успеа да оствари активна, односно практична прекугранична соработка со слични институции од Албанија, но сепак, продолжи активно да разменува искуства со институциите со кои во рамките на заеднички проекти делуваше во доменот на заштита на природното наследство на Охридско Езеро и неговото сливно подрачје во изминатиов период.

Заради остварување и реализирање на одредени активности од областа на мониторингот на биолошката разновидност ЈУ Националниот Парк

Галичица во изминатиот период оствари активна соработка во полето на **прекуграничната соработка** со слични институции од Албанија. Исто така, ЈУ Националниот Парк Галичица продолжи активно да разменува искуства со институциите со кои во рамките на заеднички проекти делуваше во доменот на заштита на природното наследство **(Препорака 12 од РММ 2017)**.

***

Растечкиот антропоген притисок поради зголемената фреквенција на туристи, зголеменото количество отпадни води од стопанските објекти и секако непочитување на законската регулатива за одржливо управување со изворите Свети Наум се повод ЈУ Национален Парк Галичица пристапи во подготовка на ***Нацрт Посебен План за управување со локалитетот Св. Наум***, кој се подготвува во соработка со сите надлежни институции. Првата работна верзија на Посебниот план е изготвена и се работи на нејзино споделување со сите засегнати чинители со цел добивање коменатри и забелешки кои ќе бидат вградени во финалната верзија.

***

Во изминатиов период, ЈУ Национален Парк Галичица успешно ги реализира сезонските мониторинг кампањи со цел увид во состојбата со природното наследство во Националниот парк Галичица. Мониторингот на биолошката разновидност се одвива според *Долгорочната мониторинг програма за биолошката разновидност на Националниот парк Галичица* која е составен дел на Планот за управување со Националниот Парк Галичица 2021-2030 година.[8] Следствено, преку подготовката и реализацијата на Годишните програми за заштита на природата согласно ПУ со Националниот Парк Галичица, мониторингот се реализира секоја година. Резултатите од мониторинг активностите укажуваат дека биолошката разновидност во

[8] **Планот за управување со Национален Парк Галичица 2021-2030** (**Препорака 3г од РММ 2020**) и Нацрт Стратегиска оцена на животната средина на Планот за управување беа доставени на разгледување до Центарот за светско наследство на УНЕСКО (допис бр. 35-6005/2 од 07.05.2021 година). Имајќи предвид дека не е добиено мислење по доставените материјали, истите се во законска постапка усвоени од страна на Управниот одбор на ЈУ Национален парк **Галичица** (Одлука бр. 02-558/3 од 11.08.2021 год.). Одлуката е составен дел на Извештајот за напредок бр. 35-484/6 од 17.02.2021 год.

Националниот Парк Галичица и понатаму се смета за зачувана и дека нема забележано драстични промени на видовите и/или живеалиштата на територијата на паркот. Без разлика на добиените резултатити, ЈУ Националниот Парк Галичица и понатаму апелира за важноста од востановување на редовен и долготраен мониторинг со истовремено преземање на конкретни активности за ублажување или целосно елиминирање на факторите кои имаат потенцијално негативно влијание врз видовите и живеалиштата, а кои се дел и од препораките на Реактивните мисиии на УНЕСКО.

Со помош на проект финансиран од ЕУ, загрозениот вид на црвениот елен се врати во Националниот Парк Галичица. Заштита на биодиверзитетот, односно враќање на црвениот елен, како автохтон тревопасен вид во Галичица започна со добивање грант од ЕУ во 2018 година со што беше основан репродуктивен центар за црвени елени на површина од речиси 90 хектари. Првите 30 грла се пристигнати кон крајот на 2019-та и во почетокот на 2020 година. Денес стадото во репродуктивниот центар брои околу 100 единки.

Во рамки на репродуктивниот центар изградена е потребната инфраструктура - објект за складирање на храна со која континуирано преку цела година се врши прихрана на елените, десетина хранилки, голема локва/поилиште за вода и шест двотонски цистерни за складирање на вода како и просторија за вработените, кои го опслужуваат репродуктивниот центар. Репродуктивниот центар има и мал внатрешно ограден простор кој е потребен за одвојување на единки кои од него ќе се пуштаат во дивина, како и целосна покриеност со видео надзор. Поради сознанието дека Галичица е сува планина постои опасност од спуштање на елените по вода дури и до езерото со што може да се доведе во прашање нивното егзистенцијално преживување, но и да предизвикаат проблем во сообраќајот при преминување на патот. За таа цел во тек е проект преку кој се обезбедени две пумпни станици со кои ќе се обезбеди доволно количество вода за полнење на 18-те локви, кои се наоѓаат на повисоките делови на Галичица со што ќе се намали веројатноста елените да се спуштат на пониска надморска височина. Дополнително,

зголеменото присуство на елени во природата на паркот и можноста да се набљудуваат во дивина значително ќе ја зголеми атрактивноста и ќе го зголеми бројот на посетители на Националниот парк Галичица **(Препорака 7.х од РММ 2020).**

Покрај тоа, Јавната установа Национален парк Галичица активно работеше на соработка и поддршка на другите институции задолжени со обврски по однос на Акцискиот план и препораките на УНЕСКО. Во таа насока, ЈУНПГ подготви **инвентар на нелегално изградени објекти** на територијата на Националниот парк Галичица и истата ја достави до Општина Охрид и до Министерството за транспорт и врски. Исто така, ЈУНПГ подготви и листа на **приоритетни градби за одстранување** на територијата на Паркот (**Препорака 2.д од РММ 2020**).

***

Согласно Законот за заштита на природата и Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во периодот 2020-2022 година од страна на инспектор за заштита на природа се извршени:

- 10 редовни планирани инспекциски надзори при кои е изготвен Записник за констатација;
- 13 вонредни инспекциски надзори со изготвување Записник за констатација од кои се покренати 4 кривични постапки до ОЈО Струга и ОЈО Охрид;
- 3 контролни инспекциски надзори при кои се изготвени 2 Решенија за задолжување (Капетанија Охрид и општина Охрид) каде што се утврдени неправилности по однос на уништување на природното наследство и користење на несоодветен начин.

***

Како што беше наведено во **Извештајот за состојбата со заштитата на Природното и културното наследство на Охридскиот регион** (бр. 35-484/6 од 17.02.2022 год. доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО), општина Охрид подготви **Нацрт Стратегија за развој на туризам 2020-2025. Нацрт Стратегијата** беше разгледан од страна на Комисијата за управување и

беа дадени забелешки во однос на нејзино усогласување со целите на заштитата на природното и културното наследство при што беше нотирана и потребата од изработка на Стратегиска оценка за влијание врз животната средина. Во изминатиот период изработена е Стратегиската оцена и по однос на истата добиена е позитивна оценка за влијание врз животната средина од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање кое констатира дека „врз основа на спроведената постапка за стратегиска оценка на животната средина и спроведената постапка за учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по обемот и содржината на документот“. По целосно финализирање на документот истиот ќе биде доставен до Центарот на светско наследство и неговите советодавни тела на разгледување.

***

Општина Охрид, во соработка со Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање и Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион пристапи кон поставување на информативни паноа со знакот на Светско наследство на УНЕСКО за што засега се предвидени три локации.

***

**10. <u>Понатаму смета дека</u> оваа наследувана ерозија на атрибутите со децении, во комбинација со постојаното влијание врз развојот во двата дела на прекуграничното добро, претставува потврдена и потенцијална опасност за доброто согласно ставовите 179 и 180 од Оперативниот водич;**

**11. <u>Ги поттикнува</u> двете Држави-членки да изготват Стратешки план за рехабилитација, со придружен фазен акционен план, во кој се утврдуваат јасно дефинирани цели и резултати за ублажување на заканите за Исклучителната универзална вредност (OUV) на краток и на долг рок како и фазен акционен план, врз основа на препораките од мисијата од 2020 година, кој ќе обезбеди сеопфатна прекугранична политичка и институционална рамка за решавање на сериозните и повеќекратни закани со кои се соочува доброто; и да го достави Стратешки план за**

**рехабилитација до Советодавните тела и Центарот за светско наследство во февруари 2023 година.**

Во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од Одлуката на Комитетот за Светско Наследство 44.COM 7B.77 (Фужу, Кина 2021), **(Препорака 3.х од РММ 2020),** во текот на 2022 година интензивно се работеше на подготовка на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, кој е изработен од заеднички прекугранични експертски тим составен од експертска Работна група формирана со Решение на Владата на Република Северна Македонија (бр. 40-11368/1 од 09.11.2021 година) и меѓуинституционален експертски тим од Република Албанија. Двете земји-членки (Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија) преку нивните државни институции, соодветно, формираа експертски Работни групи и Меѓуинституционален експертски тим составен од експерти за културно и природно наследство, кои го изготвија стратегискиот документ во дадениот рок. Документот содржи мерки за рехабилитација и упатства за активности за сите засегнати страни кои директно или индиректно се вклучени во заштитата и/или управувањето со доброто. Со имплементација на мерките содржани во Стратегискиот план се предвидува да се спречи понатамошна деградација на неговите вредности и атрибути, доброто ќе се доведе до посакувана состојба на заштита и ќе се обезбеди ефикасно градење на интегриран пристап во зачувувањето на неговата исклучителна универзална вредност.

**Прилог 3:** *Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2023-2030).*

**12. <u>На крајот бара</u> од Државите-членки да доставаат до Центарот за светско наследство до 1 февруари 2022 извештај за напредокот и до 1 февруари 2023, ажуриран заеднички извештај за состојбата со заштитата на доброто, вклучително извештај за постигнатиот напредок во спроведувањето на горенаведеното за разгледување од Комитетот за светско наследство на неговата 46-та сесија во 2023 година, во насока да се**

**земе во предвид, во случај на потврдена потенцијална или утврдена опасност по Исклучителната универзална вредност, впишувањето на доброто на Листата на светско наследство во опасност.**

* * *

**4. Постапувајќи согласно параграф 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светско наследство**, Република Северна Македонија од Центарот за светско наследство на УНЕСКО побара советодавна мисија а во врска со намерата за реконструкција на хотелот „Палас“ во Охрид.

Со цел утврдување на состојбата со „**хотел Палас - Охрид**“ за кој се предвидени градежни активности и изготвување на предлог за понатамошно постапување Владата на Република од Центарот за светско наследство на УНЕСКО во декември 2021 година побара Советодавна мисија. Мисијата спроведена од експерти на ИКОМОС (Kari Avellan, Финска и Job Roos, Холандија) се реализира во периодот 17-20 април 2022 година при што беа остварени и поголем број средби со стручни лица и со надлежни институции.

На овој начин Владата на Република Северна Македонија ја искажува целосната посветеност на правилно управување со Охридскиот регион. Хотелскиот комплекс е надвор од употреба и е запуштен повеќе од 20 години. и за таа цел е побарана оваа Советодавна мисија. Постоењето на повеќе аргументи и различни интереси во врска со иднината на хотелот е повод со помош на Советодавната мисија на ИКОМОС да се изнајде најдоброто можно решение за хотелот, без да биде загрозена исклучителната универзална вредност (ОУВ) на светското наследство.

По добиениот Извештај од Советодавната мисија на ИКОМОС во кој се нотирани состојбата, и можностите за идниот третман на објектот, не се преземаат никакви активности на хотелскиот комплекс „Палас“ во Охрид. И во иднина Република Северна Македонија ќе остане посветена на намалување на активности кои би биле во спротивност со укажувањата и препораките на советодавните мисии и претходните реактивни мониторинг мисии со цел

зачувување на исклучителната универзална вредност и статусот на светско наследство на Охридскиот регион. Извештајот за спроведената мисија со заклучоците е достапен на: **https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/**

* * *

**Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија на нејзината 122 седница, одржана на 01.02.2023 година (бр.41-1312/2).**

* * *

**5. Државата-членка Република Северна Македонија дава согласност овој Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион да биде објавен на веб страната на Центарот за светско наследство на УНЕСКО без прилози.**

**Влада на Република Северна Македонија**

Потпис на овластеното лице

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Бисера Костадиновска-Стојчевска

**Министер за култура**
**Претседател на Националната комисија**
**за УНЕСКО на Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА • MINISTRIA E KULTURËS • СКОПЈЕ-SHKUP

**Прилог 1**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 22.12.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

### Член 1

Општина Охрид ја почитува и ја прифаќа реафирмацијата на определбата на Владата на Република Северена Македонија да се зачува статусот светско наследство на УНЕСКО на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

### Член 2

Урбанистичките планови, урбанистичките плански и проектни документации донесени пред стапување во сила на Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029), ќе се применуваат и спроведуваат согласно Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029).

Во постапките за донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти и во постапките за изменување и дополнување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации, да се применува Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029).

### Член 3

При издавање изводи од детални урбанистички планови, урбанистички планови вон населено место, урбанистички планови за село, општи акти за села, урбанистичко–плански документации, да се наведе потребата од примена на Планот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029) при изработка на идејните и основните проекти.

### Член 4

Оваа одлука не се однесува на барања за изградба и реконструкција на инфраструктурните објекти и на барања за градби од јавен интерес од државно и локално значење и тоа :

**Јавен интерес од значење за Република С.Македонија се утврдува заради:**

- Градење на нуклеарни електрани, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет од и над 1МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ , градење на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до и над 1МВ, трафостаници со напонско ниво над 10 КВ и брани со акумулации,
- Дислокација на енергетски објекти,
- Градење на нафтоводи, продуктоводи, магистрални гасоводи, гасоводни мерни станици,
- Градење на секундарна гасоводна мрежа,
- Поставување на оптички кабли за потребите на државните органи,
- Градење на железнички пруги и железнички станици, аеродроми, државни патишта и мостови,
- Градење на депонии за неопасен и депонии за опасен отпад,
- Градење на објекти за потребите на одбраната , државните органи, агенциите и фондовите основани од Република Македонија,

- Градење на објекти за потребите на дипломатско-конзуларни претставништва и меѓународни организации,
- Градење на технолошки индустриски развојни зони основани од Владата на Република Македонија,
- Градење на телекомуникациски центри за прием на сателитски сигнали,
- Градење на гранични премини,
- Градење на регионални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување,
- Градење на објекти со инсталации за производство на топлинска енергија,
- Градење на стадиони и спортски сали со капацитет од над 10.000 гледачи,
- Градење на објекти и изведување на работи за потребите на државните јавни служби во областа на образованието, воспитанието, спортот, науката, културата, здравството и социјалната заштита,
- Градење на населби при големи природни катастрофи (земјотреси, поплави, пожари и лизгање на земјиште) и преселување на населби (потопување и еколошки причини) и
- Експлоатација на минерални суровини од стратешко значење за Република Македонија.

**Јавен интерес од локално значење се утврдува заради:**

- Градење на објекти и изведување на работи за потребите на општинските јавни служби во областа на образованието, воспитанието, спортот, науката, културата, здравството и социјалната заштита,
- Градење на далноводи со напонско ниво до 35 КВ и трафостаници со напонско ниво до 10 КВ,
- Градење на трамвајски пруги,
- Градење на објекти за противпожарна заштита,
- Градење на локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување,
- Градење на стадиони и спортски сали со капацитет до 10.000 гледачи,
- Градење катни гаражи и
- Градење на објекти за општа употреба и тоа: општински патишта, плоштади, јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта.

**Член 5**

Постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти времено се прекинуваат во крајбрежниот појас на Охридското езеро дефиниран со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029) и во рамките на Студенчишко блато - согласно ГУП на Охрид, УЗ 17 УБ 17.1 (строго заштитена зона-Студенчишта) .

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето со „Службен гласник на Општина Охрид" и ќе важи до 31.12.2023 годинана.

**Број 08- 17370/61**
**22.12.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев**

**Прилог**
***Нацрт План за управување со Охридско Езеро***

**Прилог**
***Нацрт Стратегиски план за рехабилитација со Акциски план (2023-2030)***